# Ако одберете да бидете приватен пациент

Кога ќе бидете примени на лекување во Austin Health, ќе ве прашаат дали имате приватно здравствено осигурување. Ако имате приватно здравствено осигурување, ќе ве прашаат дали да бидете примени како јавен (public) или приватен пациент.

## Ако одберете да бидете јавен пациент

За да бидете примени како јавен пациент, треба да имате важечка Medicare картичка. Ако бидете примени во Austin Health како јавен пациент, може да има трошоци во врска со вашиот прием, кои се објаснети во продолжение.

## Ако одберете да бидете приватен пациент

За да бидете примени како приватен пациент, треба да имате приватно здравствено осигурување. Ако одберете во Austin Health да го користите вашето приватно осигурување:

- Нема да ви бидат наплатени никакви трошоци (разлика во цени) за вашиот престој во болница, вклучително за болничко сместување, медицинска нега, дијагностички тестови или протетички услуги
- Ние ќе ги покриеме сите дополнителни или заеднички плаќања (co-payments) кои вашиот здравствен фонд ќе ги пресмета во врска со вашиот прием во болница. Ако вашиот „excess“ се пресметува на годишно ниво, може да заштедите на идните „excess“ плаќања во истата календарска година
- Уплатата што ќе ја добиеме од вашето приватно осигурување оди директно во болницата. Таа уплата се користи за подобрување на сместувањето, инвестирање во нова опрема, вработување на специјалистички персонал и финансирање на истражувања.

## Кои се трошоците во текот на мојот престој?

Следните трошоци ги плаќаат **сите пациенти**:

- Телевизија (ако се користи)
- Лекови при излегување од болница
- Изнајмување/купување на опрема (ако е потребна)

**Сите пациенти** треба да ги платат лековите што ги добиваат при излегување од болница. Ако имате пензионерска картичка, здравствена картичка или „safety net“ број, речете му го тоа на аптекарот кога ги земате лековите пред да излезете од болница.

## Ако го користам моето приватно здравствено осигурување, дали ми е гарантирана еднокреветна соба?

Не, приоритет за сместување во еднокреветна соба се дава врз основа на клиничките потреби, ризикот од инфекција и безбедноста на пациентот.

## Дали може да бидам префрлен/префрлена во приватна болница?

Вие може да одберете да бидете префрлени во приватна болница. Координаторот за нега (Care Coordinator) или главната медицинска сестра (Nurse in Charge) може да ви помогнат вам или на вашето семејство да го организирате префрлувањето, ако веруваат дека е тоа безбедно. За некои медицински состојби се потребни стручност и опрема што можеби не се достапни во приватниот систем.
Ако одберете да бидете префрлени во друга здравствена служба и за тоа ви треба амбулантен превоз, можеби ќе бидете одговорни за дополнителните трошоци. Препорачливо е да контактирате со вашето приватно здравствено осигурување за да проверите дали вашата полиса го покрива амбулантниот превоз.

Нивоата на покриеност со приватно здравствено осигурување се различни, па може да треба префрлувањето во приватна болница да го платите вие. Ако размислувате за префрлување, најнапред јавете се во приватната болница за да дознаете какви трошоци може да очекувате со вашето ниво на покриеност.

## Дали ќе добивам сметки по пошта?

Вашите сметки ќе бидат праќани директно на Medicare и на вашиот приватен здравствен фонд. Во редок случај да добиете сметка по пошта, ве молиме јавете се на Revenue Services Department на 9496 5554.

## Често поставувани прашања

### Што ако мојот здравствен фонд го обесхрабрува приемот како приватен пациент во јавна болница?

Одлуката да го користите вашето приватно осигурување во јавна болница е ваш избор. Вашиот здравствен фонд не може да ја доведува во прашање вашата одлука.

### Дали премиите на моето осигурување ќе поскапат?

Не. Поскапувањето на премиите не се одредува врз основа на поединечни случаи. Зачестеноста на користењето на вашето осигурување нема да ја поскапи вашата премија.

### Дали нивото на моето покривање прави разлика во јавна болница?

Во мнозинството случаи основното болничко покривање е доволно за покривање на хоспитализацијата во јавна болница. Независно од вашето ниво на покривање, ние ќе го провериме исполнувањето на условите и ќе ви го соопштиме резултатот. Ако не ги исполнувате условите, ќе бидете лекувани бесплатно како јавен пациент.

**Ако имате прашања, ве молиме јавете ни се.**

Оддел: Revenue Services Department
Телефон: **9496 5554**
Е-пошта: revenueservices@austin.org.au

Датум на издавање: Март 2022
Датум за ревизија: Март 2025